



**Протоереј Стефан Љашевски** (1899 - 1986), богослов, виден историчар и мислител на Црквата. После Втората светска војна ја напушта Русија и емигрира во Соединетите Американски Држави, каде што ги основа парохиите во Флорида и Балтимор. Автор е на следните трудови: „Првото големо илјадалетие“, „Првобитната Старозаветна Црква во светлината на најновите ископини и истражувања“, „Агиологија: Духовните ликови на светителите“, „Библијата и науката за создавањето на светот“ и многу други. Неговите книги посветени на агиологијата и богословието наидуваат на огромен интерес кај читателите и се преиздаваат речиси секоја година.

# ПРВОБИТНАТА СТАРОЗАВЕТНА ЦРКВА ОД АДАМ ДО АВРААМ ВО СВЕТЛИНАТА НА НАЈНОВИТЕ ИСКОПИНИ И ИСТРАЖУВАЊА

## Вовед

Во средината на 20-от век дојде до големи научни откритија во многу области, неспоредливи со оние од минатото, такви што целосно ги изменија нашите сознанија за светот и за историјата на човештвото. Не философски, туку практично беше докажан преодот на материјата во енергија (распаѓањето на атомот). Во познанието на светот беше отфрлен митот за вечноста на материјата: се покажа дека вселената имала свој почеток.

Во историјата на човештвото се сруши митот за неговото полумилионско постоење, за што, впрочем, никогаш немаше апсолутно никакви докази, туку сосема спротивно, постоеја бројни факти што потполно ја исклучуваа таквата бујна и неоснована фантазија (прот. С. Љашевски „Првите луѓе на земјата“, 1947 г.). Сега со помош на испитувањата на радиоактивноста на ископаните коски и на јагленот од огновите, кои ја покажуваат нивната старост со поразувачка точност, утврдено е дека човештвото не излегува од рамките на библиската хронологија. Збунетиот археолошки свет се стаписа во својата недоумица, а по инерција засега сè уште се потпира врз митската теорија за сметање на годините на човештвото според старите податоци, бидејќи пресвртот мора да биде сеопфатен.


градот Ур во денешен Ирак, ископини



Исчезнаа како дим триесет и четириесет-милениумските династии на Египет и Вавилон и излезе дека нивните први династии не се постари од 3000 години пред Христа, како и дека останките на првите луѓе во родината на човештвото во Месопотамија потекнуваат од 5-от век пред Христа. Археолозите дојдоа до поразувачките откритија во заедничката татковина на човештвото во Јужна Месопотамија и Палестина. Но ова е само почеток - уште многу нешто ќе се открие во блиската иднина, па сепак и добиените податоци се доволни за да се синхронизира и илустрира со нив библиското кажување за првите луѓе на Земјата.

Со каков голем духовен восхит сега имаме можност да дознаеме нешто за она за коешто толку малку е кажано - првото претпотопно човештво во неговата татковина и првите луѓе после потопот. А тоа и е Првобитната Старозаветна Црква од Адам па до Авраам. Периодот на Старозаветната Црква од Авраам па до Христовото Рождество е содржина на Старозаветните книги и ние ја имаме споредбената полнота на податоци. А, пак, првата Старозаветна Црква остануваше прикриена тајна, би можело да се рече и легенда, и дури во наше време таа тајна на *почетокот* се открива во сета своја волшебна убавина.

Старозаветната Црква се дели на два периоди: Првобитниот, од Адам до Авраам; и Аврамовиот, т.е. од Авраам до доаѓањето на Синот Божји на Земјата. За првиот период се знае многу малку, а за вториот мошне многу, но по своето општочовечко значење првиот период не е помалку величествен од наредниот, како по суштината на случувањата - создавањето на Рајот и бесмртниот Адам и спасението на праведниот Ное со семејството при гибелта на сето човештво за време на потопот - така и по величието на самите избраници Божји, Негови собеседници, од кои еден дури бил земен жив на небото - Енох.

Од 14-те први луѓе на Земјата од Првобитната Старозаветна Црква, Светата Христова Црква приброи 9 кон ликот на своите светии: светите Адам и Ева, св. Авел, св. Сит, св. Енос, Каинан, Малелеил, Јаред, св. Енох, Матусал, Ламех, св. Ное, св. Сим, св. Јафет (татко на христијанските народи), а некои од нив се наоѓаат меѓу 24-темина Апокалиптички старци, кои седат околу Престолот Божји. Може да се претпостави дека и оние што Светата Црква не ги вброи во ликот на светиите биле праведни луѓе; никој од нив не загинал за време на потопот- таткото и дедото на Ное умреле пред потопот, и покрај тоа што и двајцата живееле повеќе од 900 години. Јаред бил татко на св. небожител Енох, а Каинан и Малелеил - син и внук на св. Енос.

Како што после животописот на светите Авраам, Исаак и Јаков настанува прекин во библиското раскажување сè до времето на Мојсеј, кога од потомството на 12-те синови на Јаков се појавува многубројно племе во Египет, така и во раскажувањето после потопот и животописот на Ное и неговите синови настапува прекин сè до времето на последните претставници на тој период: родот на Тара - таткото на Авраам, и царот Мелхиседек.

Овој труд е посветен на описот на првиот период на Старозаветната Црква. Во него со помош на најновите археолошки ископини ќе се потрудиме да го воскреснеме далечното минато на првото човештво и да го проследиме Божјиот Домострој, откриен на Боговидецот Мојсеј за таа првобитна Старозаветна Црква, чии праведници Христовата Црква ги вброи меѓу своите најизбрани светии.



# ПРЕД ПОТОПОТ

## Рајот. Неговата местоположба

Рајот: почеток и крај на човештвото. Првата ветена вечност и втората - вечниот живот, вратен со искупителната Крв на Спасителот на светот. Предмет на сеќавање и горчлив плач на првите луѓе и надеж на сето човештво одново да го здобие. Рајот - тоа е почетокот и крајот на созданието. Совршен почеток и уште посовршен крај, Едем и вечното Царство Небесно. *И Седнатиот на престолот рече: „Ете, сè ново создавам." И ми рече: „Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни."* (Откр. 21, 5).

Навистина ли Рајот, во кој живееше бесмртниот Адам, бил на земјата? Па каде е тоа толку посакувано место каде што човекот бил бесмртен? Каде е тоа свето место на почетокот на човештвото? - Тајната Божја е запечатена и никогаш нема да биде отпечатена. Херувим со огнен меч во раката бил поставен да го чува, за никој од смртните да не може да ѕирне во него. Ни Адам, ниту потомците, никој од смртните. Божја Тајна. И напразно традиционално се укажува на месноста меѓу Тигар и Еуфрат на југ од Багдад како на местото на Рајот - неоснована измислица на муслиманскиот свет, кој има уште неколку традиционални места на „средбата на Адам и Ева после нивното прогонство од Рајот", некаде околу Мека и такви слични. Таа традиција е одбележана дури и на библиските мапи издадени во средината на 20-от век.

Еве што има запишано Боговидецот Мојсеј за местото на Рајот: *И вода течеше од Едем, за да го наводнува Рајот, а потоа таа се раздвојуваше во четири реки. Името на едната е Фисон; таа тече околу целата земја Хевилска, а таму има злато... А на втората река името и е Геон; таа ја опкружува целата земја Куш. Името, пак, на третата река е Тигар, а тече на исток од Асирија. Четвртата река е Ефрат* (Битие 2, 10-14).

„И вода течеше од Едем" треба да се сфати како „низ Едем поминуваше река" - бидејќи не може река истекувајќи од Едем „потоа" да се раздвојува во четири реки, совршено е јасно дека стариот начин на сметање бил не од изворите, како што е случајот денес, туку од устието, т.е. дека една река „течејќи низ Едем потоа се разделувала на четири (познати) реки или големи притоки, а подоцна - реки, затоа што самостојно се влевале во Персискиот Залив, кој тогаш имал сосема други контури.

Рајот треба да се бара не меѓу тие реки (за што и не се зборува во Библијата), туку крај една река, каде што се спојувале спомнатите реки: Тигар од територијата пред Асирија; Еуфрат или Ефрат; Гихон или Геон, кој течел околу земјата Куш (област на древниот и познат град Киш); и четвртата река Фисон, каде што „има злато"- очигледно реката Каршен со старото корито, која се слевала од северните планини на земјата Елам, бидејќи други места каде што би имало злато во реонот на Месопотамија нема. Сега таа е лева притока на реката Тигар, но уште за време на Римјаните се влевала непосредно во заливот Нар-Марату, исто како и Тигар и Еуфрат. (Б.А. Тураев. „Историја на древниот Исток", стр. 59). На тој начин географски е сосема јасно дека местото на Рајот се наоѓало на крајниот исток пред Персискиот Залив, на брегот на соединетото течение на сите тие 4 големи и познати во тоа време реки.





Денес целото тоа место е територија на огромното езеро Хор ел Хамар.

Мошне е интересна топографијата на тој реон од времето на Адамитите, реконструирана од археолозите: целата таа територија била под морски залив, кој постепено отстапувал и во 1-от век пред Христа сè уште сите 4 реки се влевале непосредно во него. И дури во подоцнежните времиња водите на заливот отишле уште подалеку во Персискиот Залив и го оставиле спомнатото езеро во мочуриште. Односно, треба да се претположува дека после прогонството на Адам од Рајот целата таа територија малку се спуштила (неколку метра) и водите на Персискиот Залив ја исполниле сета низија. Такви се палеографските контури на овој реон од времето на Адамитите.

Границите на Персискиот Залив кај устието на таа река се повлекуваат и во денешно време по 4 км. на 100 години. Целата таа огромна територија, според современите геолошки истражувања, под себе има огромни нафтени езера со компримирани гасови, со што и се објаснуваат спомнатите спуштања и подигања на површината на земјата.

Боговидецот Мојсеј пишува: *Откако, пак го изгони Адама, постави на исток пред градината Едем херувим и огнено оружје, кое се вртеше и натаму и наваму, за да го пазат патот кон дрвото на животот* (Битие 3, 24); т.е. значи според контекстот, Адам заминал на запад од Рајот, затоа што го видел Херувимот на исток крај портата на Едем, кој бил поставен „за да го пази патот кон дрвото на животот“.

Можел ли вечно да стои херувимот чувајќи го Рајот и ако Адам не би се осмелил да појде на тоа свето место, кој би можел да го задржи многуилјадното потомство на Адам што се појави до неговата смрт во 950-та година од неговото создавање? Да го видат со свои очи Херувимот им беше достапно само на Адам и Ева, и не може да се претпостави дека илјадници луѓе, меѓу кои се наоѓаа и такви како Каин, постојано го гледале овој небесен стражар крај „портите на Едем“.

Како можело да биде сето тоа? Одговорот ни го дава палеографијата на тој реон и современите истражувања на археолозите.

За време на „Сумерите“ (култура на градовите Ур, Ериду и Обеид, поделена на периоди „пред потопот“ и „после потопот“ со дебел средишен 4-метарски слој на таложење од потопот), огромна територија била прекриена со вода т.е. постоел огромен морски залив и на неговиот брег на височинка се наоѓале „првите во светот“ градови Ур и Ериду, тоа и било местото на населување на Адам и на неговите најблиски потомци. Рајот, Едем, бил прекриен со вода, потонал и станал недостапен довека. Сега е невозможно тој да се пронајде бидејќи лежи на дното на непросирното, бело како вода со млеко, езеро Хамар. И какви останки би можеле да се најдат на територијата на Рајот? Тајната е запечатена за навек.

Но откриено е нешто друго, што фрла светлина врз животот на Адам: тој живеел на брегот на морето и можел секогаш да гледа кон исток, каде што под азурната синевина на морето лежел прекрасниот Рај на сладоста, на неземното битие, и се молел, имајќи длабоко во душата надеж дека некогаш ќе дојде времето кога неговиот Потомок „ќе ја сотре главата на Змијата“ и ќе му го врати Рајот нему и на човештвото. Така се протолкувани според светоотечкото мислење Божјите зборови кажани на ѓаволот во присуство на Адам: *И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Он ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата* (Битие 3, 15). На Адам му било важно не тоа дека ѓаволот ќе биде казнет, туку дека во тоа била надежта за простување на неговиот, Адамов, пад во грев.

Палеографијата, реконструирајќи ги древните брегови на тој залив, открила уште еден интересен факт: реката Еуфрат имала старо корито не налево од Ериду и Ур, како денес, туку течела меѓу нив, така што Ур стоел на левиот брег при влевањето во заливот, а Ериду на десниот брег, наспроти Ур.

CULLOCAV·DS·AUA·I·PARADISO·

## Бесмртниот Адам. Постоела ли смрт во Рајот?

Адам: единствениот човек на светот не роден туку создаден непосредно од рацете Божји. Создаден како бесмртен, ангелоподобен, цар и владетел над секое создание што живее во Рајот и на земјата, во водата и воздухот; кој не знае ни за болести, ни за смрт; безгрешниот Адам, чиј образ ни е покажан во Вториот Адам - Христос.

Свршија дните на создавањето, настапи големата статична состојба во природата, во царството на живите суштества: во морето, воздухот и на земјата веќе не се појавуваа нови созданија. Човекот беше круна на созданието. И му даде Бог на човекот големо назначение - да биде цар на секое создание и да живее во Рајот, каде што Бог воспостави нов домострој, покорувајќи му го нему секое живо суштество, и во тоа царство на благодатта, во Рајот, настана нов свет, каде веќе не се пролеваше крв пред лицето на бесмртниот Адам, исчезна насилната смрт среде животинскиот свет, „зашто им даде Господ на сите во Рајот за храна секакви растенија и плодови“ и му беа покорени на човекот сите ѕверки, и птици, и риби, и му даде Бог на Адам толку голем разум што тој можеше да го нарече по име секое создание. Им го даде Бог Својот благослов на луѓето да се размножуваат и да ја населат земјата и да владеат со неа и со сите живи суштества на неа, распространувајќи го и врз целиот свет царството на благодатта - но таа мисија Адам не ја исполни и смртта остана во светот и самиот Адам стана смртен.

Адам ја однесе со себе во гроб тајната на својата бесмртна човечка природа и таа не е сочувана во преданието на потомците и Бог не им ја откри на луѓето дури ни преку Својот тајновидец Мојсеј Боговидецот. Таа тајна остана запечатена довека. Дури и во благодатните времиња, кога Духот Божји слезе на луѓето во лицето на Христовите Апостоли, светите Отци и Учители на Црквата, и тогаш таа тајна не се разоткри. На кој начин човечкото тело на Адам, ткивото, организмот, биле бесмртни т.е. неподложни ни на болести, ни на старост, ни на изветвеност, ниту на смрт. Тоа е неоткриена Божја тајна. Ние можеме само да мислиме дека таа тајна ќе ни се открие после воскресението на мртвите, кога нашите тела пак ќе воскреснат и ќе живеат со нашата бесмртна душа вечно и ќе немаат потреба од храна и никогаш не ќе остареат. Таков бил и Адам, според мислењето на великиот Отец на Црквата, светиот Василиј Велики. Само едно може да се каже, дека Адам имал божествен разум, зашто од зборовите дека Адам го знаел секое создание по име, треба да се сфати дека нему му биле откриени сите физички закони на универзумот и на животинскиот свет, кои неговите потомци ги сфатија и ќе ги сфатат дури во иднината.

(прв дел)

